# PROMOTING RELIGIOUS TOURISM AS PART OF THE TOURIST OFFER OF THE SOUTHWEST PLANNING REGION

**Adem Asani**
Faculty of Hospitality and Tourism Ohrid, North Macedonia, adem.asani@hotmail.com

**Abstract:** Preliminary research has been carried out to promote religious tourism as part of the tourist offer of the southwestern planning region. The southwestern planning region abounds with a large number of religious objects that, with their history and location, represent a significant not only religious but also tourist entity that arouses special interest. Today, tourist movements motivated by religious reasons are gaining mass form. This type of alternative tourism, not only in our country, but also on a global scale, is gaining momentum and in a certain way represents an opportunity for the economic development of certain regions that have significant and historical religious and cultural-historical objects. The development of religious tourism involves a huge mass of people as well as the commissioning of all types of transport accompanied by service activities. All this in a certain way enables the engagement of a large part of the active population in its realization. For the development of religious tourism, the need for good transport infrastructure, accommodation capacities, catering and commercial facilities is necessary.
**Keywords:** monasteries, churches, mosques, hotels, historical sites

# ПРОМОВИРАЊЕ НА РЕЛИГИОЗНИОТ ТУРИЗАМ КАКО ДЕЛ ОД ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Адем Асани**
Факултет за угостителство и туризам Охрид, РС Македонија, adem.asani@hotmail.com

**Резиме**: Извршени се прелиминарни истражувања за промовирање на религиозниот туризам како дел од туристичката понуда на југозападниот плански регион. Југозападниот плански регион изобилува со голем број на верски објекти кои со својата историја и местоположба прердставува значаен не само верски туку и туристички субјект кои буди посебен интерес. Денес туристичките движења кои се мотивирани од религиозни причини добиваат се пмсасовен облик. Овај вид на алтернативен туризам, не само кај нас, туку и во светски размери зазема се поголем замав и тоа на одреден начин представува можност за економскиот развој на одредени региони кои располагаат со значајни и историски верски и културно-историски објекти. Развојот на верскиот туризам вклучува огромна маса на луѓе како и ставање во функција на сите видови транспортни средства проследени со услужните активности. Сето ова на одреден начин овозможува ангажирање на голем дел од активното население вои неговата реализација. За развојот на религизниот туризам неопходна е потребата од добра сообраќајна инфраструктура, сместувачки капацитети, угостителски и трговски објекти.
**Клучни зборови:** манастири, цркви, џамии, хотели историски места

## 1. ВОВЕД

Денес туризмот опфаќа нови културни вредности кои се насочени кон одржливиот развој и зачувување на животната средина на меѓународно ниво. Ова е поврзано со бројни активности вклучени во туризмот како што се модерната технологија во транспортот, системи за резервации, компјутерски апликации, бизнис менаџмент, комуникација и маркетинг активности. Религиозниот туризам може да се дефинира како форма на туризам каде што луѓето од вера патуваат поединечно или во групи од причини поврзани со религијата или духовноста во нивната потрага по значење.

Туристичките движења мотивирани од религиозни причини добиваат се помасовен облик во последните неколку децении, со тоа што можеме лесно да планираме туристички рути, без разлика на временските интервали каде ни е целта, дури и ако е на друг континент. Денес овој вид туризам е несомнено најразвиениот вид на алтернативна форма, која носи движења до светите места: Ватикан, Сантијаго де Компостела, Мека, Медина, Фатима, Атос, Метеора, Голгота, Ерусалим, Назарет, Лурд, вклучувајќи огромна маса на луѓе како и ставање во функција на сите видови транспортни средства проследени со услужни активности.

Туристичките движења или текови се под влијание на присуството, количината и просторната распределба на мотивите за патување и туристичките ресурси во рамките на една дестинација. Оваа констатација е особено важна за локалитетите кои не се традиционални туристички локалитети, непризнати и развиени како туристички дестинации, како што е случајот со територијата на РС Македонија. Во овој контекст, целта на овој труд е да ги прикаже и класифицира религиозните туристички ресурси како значајни туристички мотиви, односно Кичевскиот манастир – Св. Богородица – Пречиста, кои можат да придонесат за атрактивноста и понудата на туристичките дестинации.

## 2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕЛИГИОЗНИОТ ТУРИЗАМ

Религиозниот туризам, понекогаш наречен духовен туризам, доби огромна улога низ целиот свет. Поради својата почетна компонента, аџилак, често се смета за најстар облик на туризам кој датира од пред илјадници години. Патувањата до древните свети места немале секогаш логично поткрепено објаснување, но имале иста човечка мотивација: верата. Оваа вера, понекогаш екстремна, беше основа за обликување на религиите. Различноста и сложеноста на религиите може да се оправдаат преку човечката типологија, средината во која живеат нивните следбеници, културата и последно, но не и најмалку важно, фазата на развој на општеството. Светот е интересен религиозен мозаик: може да биде интересен и за религиозните туристи и за љубопитните патници.

Религиозниот туризам е најстарата форма на туристичко патување. Ваквите патувања биле забележани уште во античка Грција. Делфи, познато грчко пророшко место, било посетувано од многу луѓе во таа ера. „На чешки јазик, на Интернет, може да се најде вредна трага за откривање на историјата на религиозните патувања. Од 2 век христијаните доаѓаат на гробовите на мачениците и им се молат“. Туристите од таа ера имале и водичи - толкувачи, оние кои можеле да ги водат до тајните моќи на пророштвото. Толкувачот, преведувачот или водичот морал да го знае предметот на толкувањето и да го поседува потребното знаење за тоа.

Религиозниот туризам, пред сè, е мотивиран од религиозната припадност кон одредена вера - религијата, верските чувства и желбата за зајакнување на верата. Без разлика на верниците, кои не можат да се наречат туристи во вистинска смисла затоа што се таму поради одредена причина, има и туристи и припадници на други вери - религии или учења, како и оние кои не се религиозно определени - заинтересирани за културниот туризм. Религиозниот туризам, побожните патувања и аџилакот се вклучени во специјализираните тури. Посетата на манастир има друга содржина ако групата ја сочинуваат верници и поинаква ако групата ја сочинуваат љубители на уметноста. Затоа, за секоја специјализирана тура мора да се подготват туристички водичи.

Фактот дека религиозниот туризам станува се поважен за меѓународните организации кои се занимаваат со туризам се гледа од нивната посветеност да го претстават овој тип на дестинација со добро осмислен маркетинг. Сето ова укажува дека процентот на меѓународниот туристички промет, кој годишно го бележат развиените општества, станува се позначаен за севкупниот остварен раст . Во многу култури, религиозните службеници, врз основа на нивните учења за религијата, се спротивставуваат на овој вид туризам затоа што некој може да помисли дека религијата може да има некое друго значење. Исто е и во христијанството и во исламот.

Според наводите на Работиќ Б. без разлика за тоа какви се целите на туристите, тие во основа се потрошувачи кои ги консумираат услугите на ист начин, без разлика што аџиите дел од престојот во дестинацијата го посветуваат на остварување на верските потреби. Затоа, аџилакот и побожните патувања за оние кои даваат туристички услуги се туристички патувања во Ерусалим, Атос (Света Гора), Ватикан, Мека, Лурд во Франција и Фатима во Португалија се дестинации кои според статистичките податоци за една година ги посетуваат милиони туристи. Ерусалим во 2013 година го посетиле 2 милиони туристи, а во 2022 година (пред конфликтот со Палестина) 4 милиони туристи. За православните верници централно место на аџилак е Ерусалим. И денес постои традиција дека верникот кој ќе го посети „Светиот гроб“ во неделата пред Велигден добива додавање на презимето „Хаџи“. Бројот на туристи и посетители на Света Гора и Хиландар е ограничен на 300 посетители дневно.

Религиозниот туризам е тесно поврзан со културниот туризам. Туристите кои учествуваат во религиозниот туризам, освен духовните вредности, стекнуваат и културно образование. Основниот мотив за патувања на религиозните туристи е религијата, но има одредени разлики во однос на нивните мотиви. Тие ги посетуваат верските објекти и места за да ги исполнат своите верски обврски и ритуали и во овој случај, на патувањето доминира религијата. Мотивите за посета на верски објекти би можеле да бидат и историски, културни, архитектонски или уметнички вредности, а во овој случај преовладуваат културните и образовните аспекти на туристичкото движење. За да се вклучи верскиот туризам во туристичката понуда на современиот

туристички пазар, од суштинско значење е да се разберат мотивите на денешниот верски турист, кои одредени автори ги опишуваат на следниот начин: „Религиозните туристи не патуваат само на свети места карактеристични за сопствената религија, туку патуваат поради интерес и љубопитност во контекст на збогатување на нивното образование и култура

## 3. МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА РЕЛИГИОЗНИОТ ТУРИЗАМ ВО РС МАКЕДОНИЈА

Религиозниот туризам е една од најбрзо растечките гранки на глобалниот туризам, која нуди уникатна можност за поврзување на посетителите со духовните и културните корени на една земја. РС Македонија, како мултиетничка и мултирелигиска држава со длабоки традиции и религиозни вредности, претставува одлична дестинација за религиозен туризам. Манастирите, црквите, светилиштата и други религиозни локалитети во РС Македонија не само што имаат огромно историско и архитектонско значење, туку и духовна вредност која ги привлекува верниците и туристите од целиот свет.

## 4. ИСТОРИСКО И РЕЛИГИОЗНО ЗНАЧЕЊЕ НА РС МАКЕДОНИЈА

РС Македонија е земја со долга историја на христијанска духовност, но исто така и со многу важни исламски споменици. Од христијанството, преку православието и исламот, па сè до современи верски практики, религиозната разноликост ја дефинира културата и традицијата на оваа земја. РС Македонија е дом на некои од најстарите и најзначајните манастири и цркви на Балканот, кои се сведоци на богатата историја на христијанската црква, како и на исламската архитектура. Едни од најзначајните религиозни локалитети во нашата држава се манастирите Свети Наум и Свети Јован Бигорски, црквата Света Софија во Охрид, која е сместена на листата на Светското наследство на УНЕСКО, како и бројни џамии и муслимански споменици низ целата земја. Овие места привлекуваат не само верници, туку и туристи кои сакаат да се запознаат со богата историја и традиција на религиозните објекти и да уживаат во нивната мирна и духовна атмосфера.

## 5. РЕЛИГИОЗНИОТ ТУРИЗАМ КАКО СРЕДСТВО ЗА РАЗВОЈ

Развојот на религиозниот туризам во РС Македонија носи многу предности за економијата, културата и општеството. Прво, религиозниот туризам ги привлекува верниците кои доаѓаат за да се поклонат во светилиштата и да учествуваат во верски обреди и манифестации. Но, исто така, овие места привлекуваат и туристи кои се заинтересирани за историјата, архитектурата и културните вредности што се чувани на овие свети локалитети. Религиозниот туризам може да ги стимулира локалните економии преку развојот туризмот, создавање на работни места, подобрување на инфраструктурата и развој на гостопримство. Места како Охрид, Струга, Кичево и други региони, кои имаат значајни верски објекти, може да ја искористат својата привилегија да привлечат туристи и да ја зголемат својата економска активност.

Во исто време, религиозниот туризам е и значаен за зачувувањето на традицијата и обичаите. Посетителите кои доаѓаат за да се запознаат со локалните религиозни практики, често имаат можност да учат за историјата на манастирите, за животот на монасите и за духовните обреди што се практикуваат. Ова не само што ја зголемува духовната вредност на дестинациите, туку и ги промовира културните специфичности кои ги разликуваат од другите региони.

## 6. ТУРИСТИЧКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА МАНАСТИРИТЕ ВО РС МАКЕДОНИЈА

Манастирите во РС Македонија претставуваат не само духовни и верски центри, туку и значајни туристички дестинации кои привлекуваат посетители од цела Европа и пошироко. Овие свети објекти имаат голем туристички потенцијал, благодарение на нивната историја, архитектура, културно-уметничко наследство, но и природната убавина што ги опкружува. Тие претставуваат уникатна комбинација на религиозен, културен и природен туризам, што им дава значајно место на туристичката мапа на Балканот.

## 7. ИСТОРИСКА И КУЛТУРНА ВРЕДНОСТ НА МАНАСТИРИТЕ

Манастирите во РС Македонија имаат долгогодишна историја, поголем број од нив датираат од средниот век и се сведоци на историските случувања во овој регион. Најпознати од нив се манастирите во Охрид, Јован Бигорски, Свети Наум, Света Богородица Пречиста, како и манастирите на планината Водно и во околината на Скопје. Овие манастири не само што се важни за православната христијанска вероисповед, туку имаат и огромно културно значење, благодарение на своите фрески, икони и архитектура, кои ги одразуваат влијанијата на византиската и балканската традиција. Пример е Манастирот Свети Јован Бигорски, кој е еден од најстарите и најпознатите манастири во нашата држава, со извонредно уметничко наследство и фасцинантна историја. Манастирот Свети Наум, сместен на брегот на Охридското езеро, е исто

така познат не само по својата духовна улога, туку и по природните убавини кои го опкружуваат, што го прави привлечен за туристите кои бараат мир и релаксација во природа.
Културните настани кои се одржуваат во манастирите, како што се празничните литургии, духовни семинари и изложби на верска уметност, исто така играат важна улога во привлекувањето на туристите. Пример за тоа е манастирот Света Богородица Пречиста во Кичево, каде што верници и туристи се собираат на денови посветени на Света Богородица, а овој настан привлекува голем број на посетители.

## 8. ПРИРОДНИТЕ УБАВИНИ И ОКОЛИНАТА

Манастирите во РС Македонија не се само значајни по својата духовна и културна вредност, туку и по својата природна околина. Голем дел од манастирите се наоѓаат на места со исклучителна природна убавина: на брегот на Охридското езеро, на планините и во селските региони. Ова ги прави идеални за туристите кои сакаат да уживаат во природата, да се релаксираат или да се посветат на духовни активности во мирни средини. На пример, манастирот Свети Наум, кој се наоѓа на јужниот брег на Охридското езеро, нуди спектакуларни погледи и идеален амбиент за одмор. Охридското езеро, како природно чудо, исто така привлекува многу туристи кои можат да ја комбинираат посетата на манастирот со разгледување на езеро, излети со чамец или пешачење во околината. Манастирите сместени на планините, како манастирот Св. Јован Бигорски, се идеални за љубителите на планинарење и пешачење. Планинскиот терен, богат со флора и фауна, создава дополнителен интерес за оние кои сакаат да се поврзат со природата и да уживаат во тишината и мирот што го нудат овие места.

## 9. ПОТРЕБА ОД РАЗВОЈ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За да се искористи целосниот туристички потенцијал на манастирите, неопходно е подобрување на инфраструктурата и понудата на услуги. Со правилно вложување во инфраструктурата, како што се патишта, паркинзи, сместувачки капацитети, ресторани и сувенирници, манастирите можат да станат значајни туристички дестинации. Додека некои манастири, како манастирот Св. Јован Бигорски, веќе имаат развиени туристички капацитети, други, како манастирот Св. Богородица Пречиста во Кичево, бараат дополнителни инвестиции за да се зголеми нивниот туристички капацитет.
Туристичките агенции можат да понудат организирани тури кои ги вклучуваат посети на неколку манастири во една Тура, што ќе го зголеми интересот и бројот на посетители. Соработката меѓу манастирите и локалните власти е важна за создавање на туристички пакети, кои ќе ги вклучат природните и културните атракции во регионот.

## 10. ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ ЗА РЕЛИГИОЗЕН И КУЛТУРЕН ТУРИЗАМ

Религиозниот туризам е важен не само за локалната економија, туку и за зачувување на традицијата и верските обичаи. Манастирите во РС Македонија имаат огромен потенцијал да станат дел од поширока религиозна и културна рута која ги поврзува значајните манастири и цркви во Балканскиот регион. Пример за тоа е Охрид, кој е познат како духовен центар, каде што се наоѓаат бројни манастири, цркви и други религиозни објекти, а исто така е и културно наследство на УНЕСКО.

## 11. ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Туризмот е клучна економска гранка за регионот, со оглед на тоа што 61,87% од сите соби за сместување во РС Македонија се наоѓаат во овој регион. Најголем дел од нив се сместени во Охрид и Струга, тие се двата најголеми туристички центри на РС Македонија, кои се лоцирани на брегот на Охридското Езеро. Овие две општини привлекуваат голем број посетители и сочинуваат 46,6% од вкупниот број туристи кои годишно ја посетуваат нашата држава. Просечно, годишно се остваруваат околу 1.300.000 ноќевања во регионот, што претставува 65% од вкупниот број ноќевања во РС Македонија.

## 12. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПЛАНСКИОТ ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН

Југозападниот плански регион е еден од осумте статистички региони во РС Македонија, кој има граници со Пелагонискиот, Полошкиот, Скопскиот и Вардарскиот регион. Овој регион се состои од девет општини: Вевчани, Дебар, Дебрца, Охрид, Кичево, Македонски Брод, Пласница, Струга и Центар Жупа.
Регионот се карактеризира со планински и котлински релјеф во кои преовладуваат високите планини, кои понекогаш надминуваат и 2000 метри надморска височина. Најзначајна е Охридско-струшката котлина, која се наоѓа помеѓу планините Јабланица и Галичица, а во неа е сместено и Охридското Езеро. Југозападниот плански регион е познат по големиот број пештери, што се резултат на варовничките планини. Овој регион е исто така богат со природни, вештачки и глацијални езера, и е еден од најпошумените во нашата држава.

Во овој регион, кој има површина од 3.340 км² и вклучува 286 населени места, живеат 222.064 жители, од кои 50,15% се мажи. Ова претставува 10,83% од вкупното население на РС Македонија. Најголемиот дел од населението живее во општините Струга, Охрид и Кичево, кои заедно сочинуваат 79,19% од вкупното население на регионот. Густината на населението во регионот е 66,4 лица на км², што е помалку од просечната густина на државата која изнесува 81,3 лица на км².

Земјоделските површини во регионот изнесуваат 103.373 хектари, од кои помалку од половината се обработливи, односно 50.667 хектари, а преостанатиот дел се пасишта. Овие површини сочинуваат 9,59% од вкупните обработливи земјоделски површини во Македонија. Главните земјоделски производи се пченица, пченка и компир, додека од овошјата најзначајни се јаболките, сливите, крушите и црешите.

**13. ИФРАСТРУКТУРАТА ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

Патната инфраструктура во југозападниот плански регион се состои од локална, регионална и “А” патна мрежа, а низ овој регион поминува европскиот Коридор VIII. Моменталната патна инфраструктура се состои од 1.278 км локални патишта, 303 км регионални патишта и 127 км “А” државни патишта. Главните патни правци кои го поврзуваат југозападниот плански регион со другите региони ги вклучуваат државните патишта: А2 (Скопје - Гостивар - Кичево - Струга - граница со Албанија) и А3 (Охрид - Ресен). Патната инфраструктура во регионот е неразвиена, особено регионалната патна мрежа од втора категорија. Густината на патната мрежа во регионот изнесува 0,41 км/км², што е за 25% помалку од просечната густина на патната мрежа во РС Македонија (0,55 км/км²).

Дел од патниот правец А2 (Гостивар - Кичево - Струга - граница со Албанија) е во лоша состојба поради оштетени коловозни површини и неадекватни технички елементи. Во тек е изградба на автопат од Кичево до Охрид, што ќе го подобри патувањето по овој правец. Одредени делници од регионалната патна мрежа, како на пример Р1202 (Маврови Анови - Дебар - граница со Албанија) и Р1201 (Дебар - Струга), се во лоша состојба, иако во последните години се извршени некои санации. Градот Дебар нема современа патна врска со главните коридори во РС Македонија. Патниот правец Р1301 (Охрид - Пештани - Љубаништа - граница со Албанија) пред санацијата во летото 2024 година исто така имаше оштетени коловози, што предизвикувале проблеми во сообраќајот, особено во летниот период. Некои регионални патни правци, како Р1208 (Охрид - Струга - Радожда), Р1303 (Кичево - Македонски Брод) и Р1305 (врска со А2 - Демир Хисар), се во лоша состојба на одредени делници.

Регионалната патна мрежа од втора категорија е недоволно изградена и многу патишта имаат земјени коловози. Локалната патна мрежа, како и во остатокот од нашата држава, е во лоша состојба, со некои делници кои претставуваат потенцијални опасности за безбедноста на сообраќајот.

Железничката мрежа е многу слабо развиена, со последен слеп колосек. Југозападниот плански регион, освен општина Кичево, не е покриен со железнички услуги. Во југозападниот плански регион има една железничка линија, дел од коридорот VII, која ги поврзува Скопје, Тетово, Гостивар и Кичево, и тоа во должина од 20 км. Истата беше укината во 2021 година. Индустриската железничка линија Зајас - Тајмиште е веќе неупотреблива.

Во југозападниот дел има еден аеродром, а тоа е Св. Апостол Павле кој се наоѓа во општина Дебрца, на 9 км од Охрид. Покрај тоа, во регионот има пет гранични премини: четири со Албанија (Блато, Кафасан, Св. Наум и Ќепиште) и еден на Охридскиот аеродром.

**14. ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на изнесената тематика за промовирањето на религиозниот туризам како дел од туристичката понуда на југозападниот плански регион можат да се донесат следните заклучоци:

За да се воспостави рамномерен развој на религиозниот туризам, неопходно е да се воспостави рамка на организирана туристичка политика заснована на избор на клучни приоритети за развој на религиозниот туризам и со соодветна употреба на соодветни средства за имплементација.

Претворањето на компаративната во конкурентна предност преку почитување на културниот идентитет и зачувување на културното, историското и религиозното наследство треба да биде примарна цел на развојот на религиозниот туризам.

Промоција на дестинацијата на меѓународниот туристички пазар како и преземање акции насочени кон привлекување на помладата популација посетители преку испраќање јасни пораки за верските објекти и споменици на дестинацијата на верскиот туризам, особено поради мултикултуралноста на општеството во глобален контекст. Развој и осовременување на патната инфраструктура како значаен фактор за развојот на севкупниот туризам во југозападниот плански регион

**ЛИТЕРАТУРА**

Alaverdov, E., & Bari, M. (2020). Development of Religious Tourism, IGI Global;
Димитров, Н., Методијески, Д., Котески, Ц., & Ангелкова Петкова, Т. (2020). Религиозен туризам, УГД Штип;
Griffiths, M., & Wilshier, P. (2020). Managing Religious Tourism, CABI;
Gurung, R. (2020). Marketing Religious Tourism Destination, Centria,;
Hegeduš, I. & Košćak, I. (2020). Vjerski turizam u Republici Hrvatskoj. Čakovec: Međimursko veleučilište u Čakovcu
Ивановић, С., & Рот, Е. (2021). Развој предузетништва у дестинацији верског туризма, Туристичко пословање, 14, Београд;
Korov, T. (2020). Model strateškog upravljanja destinacijom vjerskog turizma. Rijeka: Sveučilište u Rijeci, Fakultet za menadžment u turizmu i ugostiteljstv Rijeka;
Николић, М. В.(2021). Верски туризам и Српска православна црква, Универзитет Сингидунум, Факултет за туристички и хотелијерски менаџмент, Београд;
Програма за развој на југозападниот плански регион 2020 – 2022, Центар за развој на југозападниот плански регион, Струга;
Павловска, Ј., Ниḱифоровиḱ, Н., & Коцевски, О. (2020). Карта на верски објекти во Македонија, Менора ;
Попеску, Ј. (2009). Менаџмент туристичке дестинације, друго издање. Београд: Универзитет Сингидунум;
Rejman, K. Maziarz, P. Kwiatkowski C.A. & Haliniarz, M. (2016). Religious tourism as a tourism porduct. World Scientific News. Vol. 57;
Работић, Б. (2020). Селективни облици туризма, Висока туристичка школа струковних студија;
Raj, R. & Morpeth, N.D. (2020). Religious Tourism and Pilgrimage Festivals Management: Motivations for Religious tourism, Pilgrimage, Festivals and Events. Cambridge: CABI International;
Ḱornakov, D. (1995). Macedonian monasteries, Matica makedonska, 1995
Hrabovski-Tomic, E. (2018). Selective forms of tourism. Sremska Kamenica: FABUS;
Cohen-Hattab, K., & Shoval, N. (2021). Tourism, Religion and Pilgrimage in Jerusalem. New York: Routledge;
Чомић, Ђ. (2022). Путовање кроз Геопаноптикон – просторни, социјални и психолошки аспекти комуникације у туризму. Београд: Савезни центар за унапређење угоститељства – хотелијерства, Београд;
Vasmer, M. (1930). Zeitschrift für slavische Philologie, Markert & Petters;

*Интернет литература:*

www.stat.gov.mk
Нов возен ред: Ќе возат само осум воза до три града, два од нив се бројат само на хартија, 11.12.2023, https://a1on.mk/macedonia/nov-vozen-red-kje-vozat-samo-osum-voza-do-tri-grada-dva-od-niv-se-brojat-samo-na-hartija/, пристапено на 20.11.2024 година
Манастир Света Богородица Пречиста Кичевска, https://kicevo.mk/sveta-bogorodica-precista/, 16.08.2012, пристапено на 18.11.2024 година